**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕНТАЛНА ПАТОЛОГИЈА, РЕСТАВРАТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА И ЕНДОДОНЦИЈА 3.05.01.05 (ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП**

Со Одлука бр.2002-220/7 од 13.7.2026 година донесена на 361. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на редовен професор за научната област *дентална патологија, реставративна стомнатологија и ендодонција (3.05.01.05)* – еден извршител на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- проф. д-р Ивона Ковачевска, редовен професор за наставно-научната област дентална патологија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
- проф. д-р Лидија Поповска, редовен професор за наставно-научната област дентална патологија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје – член;
- проф. д-р Вера Стојановска, редовен професор, област дентална патологија, Стоматолошки факултет, Европски универзитет во Скопје – член (професор во пензија).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 2.7.2026 година и во предвидениот рок се пријави: **вонреден професор д-р Наташа Лонгурова.**

По разгледување на поднесената документација утврдивме дека кандидатката проф. д-р Наташа Лонгурова, вонреден професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи, а Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Вонреден професор д-р Наташа Лонгурова е родена на 1 јули 1988 година во Штип, каде што завршува основно и средно медицинско образование (насока Медицинска сестра), со континуиран одличен успех 5.00 во сите учебни години. На Стоматолошкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје се запишува во учебната 2006/2007 година и по завршувањето на студиите, на 15.7.2011 година се стекнува со називот дипломиран доктор по стоматологија. По завршување на приправничкиот стаж и полагање на државниот испит, од Стоматолошката комора се здобива со Лиценца за самостојна работа.

Во 2011 година се запишува на магистерски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Снежана Иљовска. На 5.7.2012 г., со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Компаративна студија

за поврзаноста на социо-економскиот статус, навиките за орална хигиена и денталниот морбидитет кај децата на 15-годишна возраст” се стекнува со научен степен магистер на стоматолошки науки. Од 2012 година се вработува на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како помлад асистент, ангажирана во наставно-образовниот процес на Студиската програма по дентална медицина и Стручните студии за забен техничар – протетичар.

Една година потоа, во 2013 г., се запишува на докторски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во областа на детска превентивна, реставративна стоматологија и ортодонција, под менторство на проф. д-р Снежана Иљовска. На 5.1.2017година, со јавната одбрана на докторската дисертација под наслов „Процена на ризик-фактори и степен на дентални ерозии, проследени со евалуација на протективниот ефект на препарати со флуориди врз емајл и дентин од хемиски и хистопатолошки аспект” се стекнува со звање доктор по стоматолошки науки.

Во 2014 година се запишува на специјализација по ендодонција и реставративна стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, под менторство на проф. д-р Ивона Ковачевска. Со полагање на специјалистичкиот испит пред трочлена комисија на 12.10.2017 година се стекнува со звање специјалист по ендодонција и реставративна стоматологија.

Во 2015 година е избрана во звање асистент-докторанд на Факултет за медицински науки – Дентална медицина при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Автор е на научно-стручни трудови во домашни и меѓународни списанија, скрипта, практикум и учебник за потребите на студентите по Дентална медицина, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Северна Македонија. Активно учествува на многу научни конференции и интернационални симпозиуми во земјава и странство.

Проф. д-р Наташа Лонгурова е ментор на дипломски теми на Студиската програма по дентална медицина и забен техничар – протетичар и на трет циклус на студии на студиската програма Базични и клинички испитувања во дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Таа е ментор и на специјализација по ендодонција и реставративна стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Публицирањето на професор д-р Наташа Лонгурова во доменот на учебни помагала и учебници е во форма на автор на учебник „Фокалози“ и „Стоматолошки материјали 1“, на скрипта „Реставративна стоматологија” и практикум со наслов „Практикум по клиничка кариологија 1”. Автор е на скрипта „Дентална терапија - Ендодонција” и практикум со наслов „Практикум по клиничка кариологија 2” .

Како дел од наставничкиот кадар на Студиската програма по дентална медицина учествува во два проекти „***Процена на корелацијата на реналната калкулоза со забниот камен”*** финансиран од Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип и ***,,Употреба на хлорхексидин во реставративната стоматологија и ендодонција”*** самофинансиран. Член е на многу стоматолошки организации, работни тела и комисии при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Активно

се служи со англиски јазик (Cambridge Cerficate of Preliminary English - B1).

**Кандидатката вонреден професор д-р Наташа Лонгурова ги исполнува законските услови за избор во наставно научно звање редовен професор:**

**Општи услови за избор:**

- Остварен просечен успех од најмалку 8,50 на студиите на прв, втор и трет циклус студии, за секој циклус посебно: кандидатката има просек од прв циклус студии 8,93 од втор циклус 9.71 и од трет циклус 9.71 на Стоматолошкиот факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- Научен степен доктор од научната област во која се избира – кандидатката е доктор по стоматолошки науки со јавната одбрана на докторскиот труд под наслов „Процена на ризик фактори и степен на дентални ерозии, проследени со евалуација на протективниот ефект на препарати со флуориди врз емајл и дентин од хемиски и хистопатолошки аспект” одбранета на Стоматолошки факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје на 5.1.2017 година;
- Претходен избор во звање – вонреден професор од научната област дентална патологија. Со Одлука број 2002-40/48 на 271. седница одржана на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, одржана на 28.1.2022 година е избрана во звањето вонреден професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Северна Македонија, за наставно-научната област дентална патологија. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр. 289 од 15.12.2021 година;
- Објавени научни трудови во референтна научна публикација:

а/ Објавени најмалку 6 научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните пет години до датумот на објавување на Конкурсот:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Toneva Stojmenova Verica, Kovacevska Ivona, **Longurova, Natasa,** Popovska Lidija,Redzepi Isni, Rogoleva Gjurovski Sonja | *The usage of FEA (finite element analysis) in shaping with endodontic instruments: review* | Knowledge - International Journal, Invited Scientific Papers, 50 (2022) (4). pp. 385-584. ISSN 2545-4439 | 2009 |
| 2 | **Longurova, Natasa** and Zlatanovska, Katerina and Kovacevska, Ivona | *Коренски кариес - фактори на ризик, превентивни и реставративни мерки* | Knowledge – International Journal ( 2023) 60 (4). ISSN 1857-923X | 2009 |
| 3 | **Longurova, Natasa** and Zlatanovska, Katerina | *Resin infiltration of non-cavitated caries lesions: review* | Knowledge - International Journal Scientific Papers( 2024) 62 (4). ISSN 1857-923X / 2545 – 4439 | 2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | **Longurova, Natasa** and Zlatanovska, Katerina and Kovacevska, Ivona and Atanasova, Sandra | *The possibility of using ultrasound in endodontics: Review* | Journal of Hygienic Engineering and Design (2024) 46. ISSN 1857-8489 | 2012 |
| 5 | Stevkovska-Cvetkovska, Elizabeta and **Longurova, Natasa** | *Hyaluronic acid in dentistry* | Knowledge – International Journal (2024) 67 (4). ISSN 1857-923X 2545 – 4439 | 2009 |
| 6 | **Longurova, Natasa** and Zlatanovska, Katerina and Kovacevska, Ivona and Zarkova-Atanasova, Julija | *Non-carious cervical lesions:risk factors and treatment options* | Journal of Hygienic Engineering and Design, (2025) 51 (51). ISSN 1857- 8489 | 2012 |
| 7 | Zarkova, Julija and Zlatanovska, Katerina and Prosheva Pelivanova, Ljubica and Atanasova, Sandra and Nikolovski, Bruno and **Longurova, Natasa** and Apostoloski, Pavle | *Spectrophotometric evaluation of natural tooth color distribution across three dental shade guide systems: A cross-sectional study* | European Scientific Journal (2026) 53 (1). pp. 756-770. ISSN 1857- 7431 | 2011 |
| 8 | **Longurova Natasa,** Nikolovski Bruno, Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona Atanasova Sandra Zarkova Atanasova Julija, Kontevska Vera | *Oral focal infections and their systemic significance in dental practice* | Acta Stomatologica Naissi. https://doi.org/10.5937/asn42-65758 | 1984 |

***Посебни услови за избор во редовен професор***

- *Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати*

Д-р Наташа Лонгурова била учесник во проектот: 1. Анализа и процена на каналната оптурација во зависност од техниката на гутаперка апликација (2014); 2. Процена на корелацијата на реналната калкулоза со забниот камен (2017); 3. Употреба на хлорхексидин во реставративната стоматологија и ендодонција (2020).

- *Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници*

Со Решение бр. 08-596/4 изготвено од страна на Одбор за акредитација и евалуација на високото образование на Р.Северна Македонија е акредитиран ментор на трет циклус докторски академски студии на студиската програма Базични и клинички истражувања во дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Проф. д-р Лонгурова во изборниот период досега била ментор на 30-ина студенти на прв циклус студии, учествувала во голем број комисии за одбрана на дипломска работа, ментор на тројца докторанди на студиската програма Базични и клинички истражувања во денталната медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

- *Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД*

**За потребите во наставата за предметите кои ги предава во првиот циклус на студии, проф. д-р Лонгурова е автор на следниве ракописи:**

До изборот во доцент на Факултетот за медицински науки, д-р Лонгурова има издадено:

- Ковачевска Ивона, Денкова Наташа (2016) Реставративна стоматологија https://eprints.ugd.edu.mk/16374/
- Ковачевска Ивона, Денкова Наташа (2016) Практикум по клиничка кариологија 1 https://eprints.ugd.edu.mk/15646/

До изборот за вонреден професор има издадено:

- Лонгурова Наташа, Ковачевска Ивона, Атанасова Сандра, Верица Тонева Стојменова, Арсова Наташа (2020) Практикум по клиничка кариологија 2 https://eprints.ugd.edu.mk/24069/
- Лонгурова Наташа, Ковачевска Ивона (2019) Дентална терапија - Ендодонција (скрипта) https://eprints.ugd.edu.mk/22557/

Во изборниот период како вонреден професор до денес кандидатката проф. д-р Наташа Лонгурова е автор на:

- Ковачевска Ивона, Златановска Катерина, Лонгурова Наташа (2024) Стоматолошки материјали 1. Goce Delcev University, Stip, Macedonia. ISBN 978-608-277-092-5 https://eprints.ugd.edu.mk/35717/
- Лонгурова Наташа, Ковачевска Ивона, Терзиева- Петровска (2023) Фокалози-учебник. Goce Delcev University, Stip. ISBN 978-608-244-957-9 https://eprints.ugd.edu.mk/31713/

## I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**Проф. д-р Наташа Лонгурова својата академска кариера ја започнува:**

Во 2012 година, по одбраната на магистерскиот труд и вработувањето на Факултетот за медицински науки, Дентална медицина и Студиска програма за забен техничар протетичар при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е избрана за помлад асистент во 2012 г., а во 2015 г. е избрана во асистент-докторанд. Од 2012 година до 2017 година е активно вклучена во практичната настава на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип (студиска програма Дентална медицина, Забен техничар протетичар).

Со Одлука бр.2002-120/8 на 181. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 18.4.2017 година, е избрана во звање доцент за научната област дентална патологија на Факултетот за медицински науки за период од 5 (пет) години. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен" бр. 187 од 1.4.2017 година.

Со Одлука број 2002-40/48 на 271. седница одржана на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, одржана на 28.1.2022 година е избрана во звање вонреден професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Северна Македонија, за наставно-научната област дентална патологија. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен" бр. 289 од 15.12.2021 година.

Проф. д-р Наташа Лонгурова учествува во спроведување на теоретската настава на сите три циклуси на студии.

На прв циклус студии на Факултетот за медицински науки на студиската програма Дентална медицина е ангажирана на следниве предмети:

- Клиничка кариологија 1;
- Клиничка кариологија 2;
- Фокалози;

- Стоматолошка фармакологија.

На прв циклус студии на Факултетот за медицински науки на студиската програма Стручен забен техничар-протетичар е ангажирана на следните предмети:

- Стоматолошки материјали 1;
- Реставративна стоматологија;
- Дентална терапија.

Учествува во наставата од трет циклус студии на студиската програма Базични и клинички истражувања во дентална медицина, за предмети од нејзината област:

- Системски заболувања афектирани од дентогени фокуси;
- Дентални атхезивни системи;
- Пулпа како експерименмтален биолошки материјал;
- Директни и индиректни естетски реставрации;
- Ендодонтски тераписки концепт на инфицирани канали ;
- Микроскопска анализа на тврдите забни ткива;
- Ултраструкурна анализа и маргинална процена во ендодонтската терапија.

Вклучена е во наставата на втор циклус студии, стручни специјалистички студии за забен техничар – протетичар на следниве предмети:

- Индиректни естетски реставрации;
- Радикс анкери.

## II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Резултат на научноистражувачката работа на д-р Наташа Лонгурова од областа на дентална патологија, реставративна стоматологија со ендодонција се голем број на објавени научни трудови во меѓународни и домашни списанија, нејзини усни излагања и постер презентации на конгреси и конференции, како во земјава така и во странство. Сите нејзини објавени научни трудови се достапни во електронска форма на е-репозиториум на УГД Штип и може да се видат на следниов линк: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Longurova=3ANatasa=3A=3A.html

- ***Список на досега рецензирани трудови***

Списокот на објавени трудови и активности од НИ и САОР на д-р Наташа Лонгурова при изборот во асистент-докторанд се евалуирани и бодирани во Универзитетски билтен бр. 151, 15.7.2015 г. со вкупно поени 36.5. https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/11-15/2015/151/pdf/151-1.pdf

За изборот во звањето доцент, д-р Наташа Лонгурова има објавено трудови со оригинални научни резултати во меѓународни списанија со меѓународен уредувачки одбор, учествувала на повеќе научни и стручни конференции и симпозиуми. Списокот на објавени трудови на кандидатката д-р Наташа Лонгурова при изборот во доцент се евалуирани и бодирани од бр. 1 до 31 во „Универзитетски билтен“ на Универзитет „Гоце Делчев“ бр. 187 од 1.4.2017 година со вкупно 172 поени. (41-52 стр.) https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2017/187/pdf/187-6.pdf

Списокот на објавените трудови се приложени и вреднувани при изборот во вонреден професор во Универзитетски билтен на Универзитет

„Гоце Делчев" бр. 289 од 1 декември 2021 година со вкупно 274 поени. https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-25/2021/289/pdf/289-8.pdf?utm_source=chatgpt.com

***Листа на трудови и активности од остварената научноистражувачка дејност*** на вонреден професор д-р Наташа Лонгурова, кои го доставува за избор во редовен професор, а се однесуваат на последните пет години.

***Учебници и учебни помагала***

- Ковачевска Ивона, Златановска Катерина, Лонгурова Наташа (2024) Стоматолошки материјали 1. Goce Delcev University, Stip, Macedonia. ISBN 978-608-277-092-5

Учебникот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 355 од 15.11.2024 година, http://e-lib.ugd.edu.mk/1225

- Лонгурова Наташа, Ковачевска Ивона, Терзиева- Петровска (2023) Фокалози-учебник. Goce Delcev University, Stip. ISBN 978-608-244-957-9

Учебникот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 316 од 15.12.2023 година, http://e-lib.ugd.edu.mk/1118

- ***Трудовите, по категории, се наведени и објаснети во продолжение***

***Објавени трудови во целост – in extenso / full text - Трудови со оригинални научни резултати кои се однесуваат на областа***

1. Toneva Stojmenova, Verica and Kovacevska, Ivona and Longurova, Natasa and Popovska, Lidija and Redzepi, Isni and Rogoleva Gjurovski, Sonja (2022) The usage of FEA (finite element analysis) in shaping with endodontic instruments: review. Knowledge - International Journal, Invited Scientific Papers, 50 (4). pp. 385-584. ISSN 2545-4439

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 303, 15 јули 2022 година *https://eprints.ugd.edu.mk/29566/*

2. Longurova, Natasa and Zlatanovska, Katerina and Kovacevska, Ivona (2023) Коренски кариес - фактори на ризик, превентивни и реставративни мерки. Knowledge – International Journal, 60 (4). ISSN 1857-923X

***Евалуација на трудот:*** Авторите обработуваат актуелна и клинички значајна тематика од областа на превентивната и реставративната стоматологија, со посебен акцент на етиологијата, ризик-факторите, превенцијата и современите терапевтски пристапи кај коренскиот кариес. Авторите преку критичка анализа на релевантната научна литература и сопствено анкетно истражување ги прикажуваат најзначајните фактори кои придонесуваат за појава и прогресија на коренскиот кариес, како и можностите за негова превенција и третман. Трудот ја нагласува важноста од навремена дијагноза, процена на ризикот и примена на соодветни превентивни и реставративни мерки, со цел зачувување на оралното здравје кај возрасната популација. Со систематизирање на современите научни сознанија и нивната практична примена, трудот претставува значаен придонес за клиничката стоматолошка практика и има научна и апликативна важност. *https://eprints.ugd.edu.mk/32423/*

3. Longurova, Natasa and Zlatanovska, Katerina (2024) Resin infiltration of non-cavitated caries lesions: review. Knowledge - International Journal Scientific Papers, 62 (4). ISSN 1857-923X / 2545 – 4439

***Евалуација на трудот:*** Трудот обработува актуелна тематика од областа на минимално инвазивната реставративна стоматологија, прикажувајќи сеопфатен преглед на примената на смолната инфилтрација во третманот на иницијалните кариозни лезии. Преку анализа на релевантна научна литература, авторите критички ги евалуираат индикациите, клиничката ефикасност, предностите и ограничувањата на оваа микроинвазивна метода. Трудот јасно ги истакнува придобивките од смолната инфилтрација во запирањето на прогресијата на кариесот, зачувувањето на здравите забни ткива и подобрувањето на естетскиот изглед на белите лезии. Со систематизирање на современите научни сознанија и нивната клиничка примена, трудот претставува значаен придонес за современата превентивна и реставративна стоматологија и за унапредување на минимално инвазивните терапевтски пристапи.

Трудот има научна и апликативна важност. https://eprints.ugd.edu.mk/33767/

4. Longurova, Natasa and Zlatanovska, Katerina and Kovacevska, Ivona and Atanasova, Sandra (2024) The possibility of using ultrasound in endodontics: Review. Journal of Hygienic Engineering and Design, 46. ISSN 1857- 8489

***Евалуација на трудот:***Трудот обработува актуелна тематика од областа на ендодонцијата, прикажувајќи сеопфатен преглед на примената на ултразвучната технологија во различните фази на ендодонтскиот третман и ретретман. Преку анализа на релевантна научна литература, авторите критички ги евалуираат предностите на ултразвукот во подобрувањето на пристапот, иригацијата, дезинфекцијата, обтурацијата, отстранувањето на интраканални пречки и ендодонтската хирургија. Трудот јасно ги истакнува клиничките придобивки од примената на современите ултразвучни техники, кои придонесуваат за поголема ефикасност, подобар квалитет и поголема предвидливост на ендодонтскиот третман. Со систематизирање на најновите научни сознанија и нивната практична примена, трудот претставува значаен придонес за современата ендодонтска практика и за унапредување на клиничките протоколи.

Трудот има научна и апликативна важност. *https://eprints.ugd.edu.mk/33969/*

5. Stevkovska-Cvetkovska, Elizabeta and Longurova, Natasa (2024) Hyaluronic acid in dentistry. Knowledge – International Journal, 67 (4). ISSN 1857-923X 2545 – 4439

***Евалуација на трудот:*** Трудот „Hyaluronic Acid in Dentistry" претставува сеопфатен преглед на современите сознанија за примената на хијалуронската киселина во различни гранки на стоматологијата. Преку систематска анализа на релевантна научна литература од базата PubMed, авторите ги прикажуваат биолошките својства, механизмите на дејство и клиничките придобивки од примената на хијалуронската киселина во пародонтологијата, оралната хирургија, имплантологијата, ендодонцијата, ортодонцијата и естетската стоматологија. Трудот ги истакнува нејзините антиинфламаторни, антибактериски и регенеративни својства, како и потенцијалот за подобрување

на постоперативното заздравување и клиничките исходи кај пациентите. Со критички осврт на достапните научни докази и укажување на потребата од понатамошни клинички истражувања, трудот претставува значаен придонес во промовирањето на современи биоматеријали и иновативни терапевтски пристапи во стоматолошката практика.

Трудот има научна и апликативна важност. https://eprints.ugd.edu.mk/35358/

6. Longurova, Natasa and Zlatanovska, Katerina and Kovacevska, Ivona and Zarkova-Atanasova, Julija (2025) Non-carious cervical lesions: risk factors and treatment options. Journal of Hygienic Engineering and Design, 51 (51). ISSN 1857- 8489

***Евалуација на трудот:*** Трудот „Non-Carious Cervical Lesions: Risk Factors and Treatment Options" обработува актуелна проблематика од областа на реставративната стоматологија, со акцент на етиологијата, ризик-факторите и можностите за третман на некариозните цервикални лезии. Авторите применуваат анкетно истражување и статистичка обработка на податоците со цел да ги идентификуваат најзначајните фактори поврзани со појавата и прогресијата на овие лезии. Резултатите укажуваат дека честата консумација на кисела храна и пијалаци, како и неправилната и агресивна техника на четкање, претставуваат најважни етиолошки фактори. Трудот има практична и научна вредност, бидејќи ја нагласува важноста на раната дијагноза, здравствената едукација и индивидуализираниот превентивен и терапевтски пристап, претставувајќи корисен придонес во унапредувањето на современата стоматолошка практика.

Трудот има научна и апликативна важност. https://eprints.ugd.edu.mk/36199/

7. Zarkova, Julija and Zlatanovska, Katerina and Prosheva Pelivanova, Ljubica and Atanasova, Sandra and Nikolovski, Bruno and Longurova, Natasa and Apostoloski, Pavle (2026) Spectrophotometric evaluation of natural tooth color distribution across three dental shade guide systems: A cross-sectional study. European Scientific Journal, 53 (1). pp. 756-770. ISSN 1857- 7431

***Евалуација на трудот:*** Авторите обработуваат актуелна и клинички значајна проблематика од областа на реставративната стоматологија и естетската дентална медицина, со посебен акцент на објективното одредување на бојата на природните заби како значаен фактор за постигнување предвидливи естетски резултати.Авторите спроведуваат клиничко истражување со примена на спектрофотометрија како современа и објективна метода за процена на бојата на забите, со цел надминување на ограничувањата поврзани со визуелниот избор на нијанса. Во истражувањето се анализира распределбата на природната боја на максиларните централни инцизиви кај 235 испитаници, при што добиените спектрофотометриски вредности се споредуваат со три широко применувани системи за избор на боја: VITA Classical, Ivoclar Chromascop и VITA 3D-Master.Резултатите од истражувањето укажуваат на значајни разлики во распределбата на нијансите помеѓу различните системи за определување на боја, како и влијание на демографските фактори, особено возраста и полот, врз природната боја на забите. Особена вредност на трудот претставува примената на статистичка анализа за објективно согледување на варијациите во бојата и можноста за

подобрување на клиничките протоколи при естетски реставрации. Трудот има значаен придонес во современата естетска и реставративна стоматологија, бидејќи обезбедува научни сознанија за варијациите на природната боја на забите и ја нагласува важноста од користење на дигитални технологии за попрецизен избор на боја и подобрување на квалитетот на реставративните процедури.

Трудот има научна и апликативна важност. ***https://eprints.ugd.edu.mk/38540/***

8. Longurova, Natasa, Nikolovski, Bruno, Zlatanovska, Katerina, Kovacevska, Ivona, Atanasova, Sandra, Zarkova Atanasova, Julija, & Kontevska, Vera (2026). Oral focal infections and their systemic significance in dental practice. Acta Stomatologica Naissi. https://doi.org/10.5937/asn42-65758

***Евалуација на трудот***: Авторите обработуваат актуелна и научно значајна проблематика од областа на оралната медицина и стоматологијата, со акцент на поврзаноста помеѓу оралните фокални инфекции и нивното влијание врз општото здравје. Авторите, преку критичка анализа на современата научна литература, ги прикажуваат најзначајните извори на орални инфекции, нивните патофизиолошки механизми и можните системски последици, вклучувајќи кардиоваскуларни заболувања, дијабетес, респираторни инфекции, ревматолошки заболувања и други состојби поврзани со хронична инфламација.

Во трудот посебно се нагласува важноста на раната дијагноза, навременото санационо лекување на оралните инфективни жаришта и интердисциплинарниот пристап во грижата за пациентите, со цел превенција на можните системски компликации. Авторите ги систематизираат современите научни сознанија за улогата на стоматологот во зачувувањето на општото здравје и ја истакнуваат потребата од интегриран пристап во современата клиничка практика. Со својата актуелност, научна заснованост и практична применливост, трудот претставува значаен придонес во унапредувањето на знаењата за поврзаноста помеѓу оралното и системското здравје.

Трудот има научна и апликативна важност.

***<u>Објавени трудови во целост од други интердисциплинарни области:</u>***

9. Denkov, Nikola and Papakoca, Kiro and Longurova, Natasa (2022) Impact of platelet-rich fibrin (PRF) on mandibular third molar surgery recovery: an article review. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 21 (11). pp. 21-23. ISSN 2279-0853

***Евалуација на трудот:*** Трудот обработува актуелна тематика од областа на оралната хирургија, прикажувајќи критички преглед на современите научни сознанија за примената на плазма богата со фибрин (PRF) во постоперативното заздравување по хируршко отстранување на импактирани долни трети молари. Авторите, преку анализа на релевантна научна литература, ги евалуираат ефектите на PRF врз намалувањето на постоперативната болка, отокот, тризмусот, алвеоларниот остеитис и процесот на заздравување на меките и тврдите ткива. Трудот ги истакнува биолошките предности и клиничката примена на PRF како едноставна, безбедна и минимално инвазивна метода за подобрување на постоперативното закрепнување. Со систематизирање на современите научни докази и нивната практична примена, трудот претставува

значаен придонес за современата оралнохируршка практика и има научна и апликативна важност. https://eprints.ugd.edu.mk/30629/

10. Nikolovski, Bruno and Gjorsheski, Darko and Susak, Zoran and Spirov, Vancho and Zarkova, Julija and Pejkovska Shahpaska, Budima and Petrovski, Mihajlo and Longurova, Natasa and Zlatanovska, Katerina and Arsovski, Ljupka (2026) Management of a dentigerous cyst in the right mandible: A case report with radiographic, histopathological and immunohistochemical insights. World Journal of Biology Pharmacy and Health Sciences, 25 (1). pp. 403-410. ISSN 2582-5542

***Евалуација на трудот:*** Трудот „Management of a dentigerous cyst in the right mandible: A case report with radiographic, histopathological and immunohistochemical insights" обработува актуелна и клинички значајна проблематика од областа на оралната хирургија, оралната патологија и максилофацијалната медицина, со посебен акцент на дијагностиката и третманот на дентигерозните цисти како едни од најчестите развојни одонтогени цисти.

Авторите прикажуваат детален приказ на клинички случај со дентигерозна циста во десната мандибула, при што преку комбинација на клинички преглед, радиографска анализа, хистопатолошка и имунохистохемиска евалуација обезбедуваат сеопфатен увид во дијагностичкиот процес и карактеристиките на оваа патолошка промена. Посебна вредност на трудот претставува интегрираниот пристап во поставувањето на дијагнозата и изборот на соодветен терапевтски пристап, кој е од особено значење за зачувување на околните анатомски структури и постигнување оптимален клинички исход. Трудот ја нагласува важноста на прецизната радиолошка проценка, правилната хистопатолошка идентификација и примената на дополнителни имунохистохемиски методи за подобро разбирање на биолошкото однесување на лезијата. Со прикажување на современите дијагностички и терапевтски принципи, авторите придонесуваат кон подобрување на клиничкиот пристап при третман на одонтогени цисти.

Трудот има научна и апликативна важност. https://eprints.ugd.edu.mk/37626/

11. Zarkova, Julija and Zlatanovska, Katerina and Prosheva Pelivanova, Ljubica and Atanasova, Sandra and Apostoloski, Pavle and Longurova, Natasa and Nikolovski, Bruno (2026) Digitally Guided Rehabilitation Following Vertical Dimension Increase: A Case Report. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 25 (6). pp. 39-47. ISSN 2279-0853

***Евалуација на трудот:*** Авторите обработуваат актуелна и клинички значајна проблематика од областа на реставративната стоматологија и протетиката, со посебен акцент на комплексната рехабилитација на пациенти со изразено абење на забите, намалена вертикална димензија на оклузија (VDO) и нарушена оклузална функција. Авторите прикажуваат современ пристап кон дијагностиката, планирањето и изведувањето на реставративната терапија преку примена на дигитален работен протокол, оклузална декондиционираност со Leaf Gauge, дигитална анализа и изработка на пробен модел (mock-up) за предвидување на крајниот резултат. Преку детално прикажување на клиничкиот случај и следењето на пациентот во период од една година, авторите ја демонстрираат функционалната стабилност, естетскиот успех и предвидливоста на применетиот терапевтски протокол.

Со систематскиот приказ на современите реставративни техники и нивната клиничка примена, трудот претставува значаен придонес за унапредување на современата реставративна стоматологија и за развој на предвидливи протоколи при рехабилитација на пациенти со нарушена оклузална рамнотежа.

Трудот има научна и апликативна важност. https://eprints.ugd.edu.mk/38493/

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир:***

12. Longurova, Natasa and Zlatanovska, Katerina and Kovacevska, Ivona (2025) Предности и недостатоци при употреба на ласер во реставративната стоматологија и ендодонција. Third international conference ETIMA 2025, 357 (3). pp. 231-237. ISSN 978-608-277-128-1

***Евалуација на трудот:*** Трудот обработува современа и клинички значајна тема од областа на стоматологијата, со фокус на примената на ласерската технологија во реставративната стоматологија и ендодонцијата. На јасен и систематизиран начин се прикажани различните типови ласери, нивните механизми на дејство, како и нивната примена во препарација на кавитети, дијагностика на кариес, превенција и ендодонтска дезинфекција. Посебна вредност на трудот претставува деталниот приказ на Er:YAG, Er,Cr:YSGG, Nd:YAG и диодните ласери, со нагласување на нивните предности и ограничувања во клиничката пракса. Истовремено се обработени и современи дијагностички методи базирани на ласер флуоресценција, како и нивната улога во рана детекција на кариозни лезии.Трудот има јасна структура, солидна научна основа и изразена практична апликативност, што го прави значаен придонес во современата стоматолошка литература и клиничка пракса.

Трудот има стручна и апликативна важност. https://eprints.ugd.edu.mk/36750/

***Трудови презентирани на конгреси, конференции и симпозиуми од други интердисциплинарни области во стоматологијата***

13. Toneva Stojmenova, Verica and Rogoleva Gjurovski, Sonja and Longurova, Natasa and Toneva Nikolova, Aleksandra and Kovacevska, Ivona (2022) The use of antibiotic self-medication in medical patients with endodontic treatment. In: 9th Congress of Macedonian dental society with international participation "Challenging new era in dentistry: burden and opportunities", 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/30210/

